**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-456
27-12. **2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, член 16 и член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4504/1 од 13.12.2021 година и Заклучокот арх.бр.02-4602/4 од 24.12.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 24.12.2021 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 и член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, првите четири епизоди од играниот серијал „Величествениот", емитувани на 30-ти ноември, 1-ви, 2-ри и 3-ти декември 2021 г., беа погрешно категоризирани и означени како програма од втора категорија (8+) и беа емитувани во несоодветен временски период од денонoќието, односно пред 20 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецификирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4504/1 од 13.12.2021 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 50 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да емитуваат програми кои можат сериозно да му наштетат

на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или непотребно насилство.

Забраната од ставот (1) на овој член се однесува и на други програми кои веројатно би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, освен кога е обезбедено со нивното емитување или репризирање во одреден временски период и/или со примена на одредена техничка мерка, малолетните лица во периодот на емитување или репризирање нема на вообичаениот начин да ги слушнат или да ги видат тие програми. Кога вакви програми се емитуваат или репризираат во не кодирана форма, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред нивното емитување да обезбеди претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во текот на нивното времетраење (член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Согласно член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, во зависност од очекуваниот состав на публиката, категориите програми можат да се емитуваат во следните временски периоди: првата и втората категорија програми се емитуваат во текот на целото денонокие; третата категорија се емитува во периодот од 20:00 до 05:00 часот; четвртата категорија се емитува во периодот од 22:00 до 05:00 часот; петтата категорија се емитува во периодот од 00:00 до 05:00 часот.

Во член 17 став 3 од Правилникот за заштита на малолетните лица пропишано е дека во трета категорија класифицирани се програми што не се препорачуваат за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател, односно програми чие сценарио вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психо-физичко насилство, кои можат да ги растревожат малолетните лица. Обработката сериозни теми е прифатлива, но треба да биде соодветна за пропишаната возраст на публиката. Дозволена е употреба непристоен говор, вулгарности и бруталности, меѓутоа мора да биде сведена на разумна мерка и да биде оправдана со нужната функција во драмскиот или во информативно-документарниот контекст на програмата. Описите, сцените и/или глетките со насилство и со еротика, и евентуалната заемна врска меѓу овие два фактора во развојот на наративот, не треба да ги нагласуваат физичките повреди и/или психо-физичките последици од повреди, ниту пак да се фокусираат на непристојни физички детали. Не треба да им се придава претерана важност на оружје и на техники за меѓучовечка пресметка лесни за имитација, со опасен потенцијал сугесивно да делуваат врз психолошки помалку стабилните и врз емоционално ранливите делови од публиката. Прикажувањето наркоманија е дозволено меѓутоа без детална разработка на фазите од чинот на карактеризација на ликовите, и комплементарно во целината на различните видови играна, образовна, информативна и/или документарна програма. Најавите за вакивте програми не смеат да бидат составени од описи, сцени и/или глетки што можат да ги вознемират малолетните лица.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 13-ти декември 2021 г., изврши вонреден, по претставка (иницијатива на физичко лице) програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 30-ти ноември, 1-ви, 2-ри и 3-ти декември 2021 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 50 став 3 од ЗАВМУ и на член 16 и член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Имено, со надзорот е констатирано дека првите четири епизоди од играниот серијал од турско производство „Величествениот", емитувани во наведените периоди опфатени со надзорот, погрешно се означени како програма од втора категорија (8+) и се емитувани во несоодветни програмски термини. Според критериумите од Правилникот, целиот серијал „Величествениот" треба да биде означен како програма од трета категорија, која не се препорачува за деца под 12 години, односно сите негови епизоди треба да бидат емитувани само во периодот од 20:00 од 05:00 часот. Исто така, погледнато по поединечни епизоди, во серијалот „Величествениот" релативно ниска е фреквентноста на сцени со експлицитни глетки на физичко и на вербално насилство. Сепак, во долгометражната и повеќесезонска аудиовизуелна целина на делото, значи структурно земено - насилството се третира систематски, поради нужноста да се илустрира историскиот контекст поврзан со период од империјалната моќ на Османлиското царство. Во таа смисла, режисерскиот пристап кон темата систематично произведува сцени со насилство, каде што глетките се: (најчесто) масовни, долготрајни, снимени со измена на тотал, на среднокрупен и на крупен (детален) план, со задржување врз фатални последици, а освен суровост при воени судири, вклучуваат и тортура врз деца и врз жени. Оттаму, а според насоките на Правилникот, соодветната класификација за серијалот „Величествениот" е - програма од трета категорија (12+), која може да се емитува само во периодот од 20 до 05 часот, со соодветен надзор од родител / старател.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4504/1 од 13.12.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје на 14.12.2021 г., испрати Допис наш арх.бр.10-4504/2 од 14.12.2021 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4504/1 од 13.12.2021 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до

Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица. Во предвидениот рок, ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување.

Оттука, Советот на Агенцијата на 38-та седница одржана на 24.12.2021 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон и член 16 и член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г. и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4504/1 од 13.12.2021 г., поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 38-та седница одржана на 24.12.2021 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4602/4 од 24.12.2021 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4504/1 од 13.12.2021 година.

Доставено до:
- ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор

на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: | 13.12.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numri | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4504 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден, по претставка (иницијатива на физичко лице);
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 30 ноември, 1, 2 и 3 декември 2021 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 декември 2021 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);
6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор реализиран по претставка врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје емитуван на 30 ноември, 1, 2 и на 3 декември 2021 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, првите четири епизоди од играниот серијал од турско производство „Величествениот“, емитувани во наведените периоди опфатени со надзорот, погрешно се означени како програма од втора категорија (8+) и се емитувани во несоодветни програмски термини. Според критериумите од Правилникот, целиот серијал „Величествениот“ треба да биде означен како програма од трета категорија, која не се препорачува за деца под 12 години, односно сите негови епизоди треба да бидат емитувани само во периодот од 20:00 од 05:00 часот.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Величествениот" - игран серијал (30 ноември) | 10:04:30 | 11:08:03 |
| „Величествениот" - игран серијал (1 декември) | 09:58:04 | 11:12:55 |
| „Величествениот" - игран серијал (2 декември) | 10:00:50 | 11:43:01 |
| „Величествениот" - игран серијал (3 декември) | 10:01:04 | 11:20:30 |

Погледнато по поединечни епизоди, во серијалот „Величествениот" релативно ниска е фреквентноста на сцени со експлицитни глетки на физичко и на вербално насилство. Сепак, во долгометражната и повеќесезонска аудиовизуелна целина на делото, значи структурно земено - насилството се третира систематски, поради нужноста да се илустрира историскиот контекст поврзан со период од империјалната моќ на Османлиското царство. Во таа смисла, режисерскиот пристап кон темата систематично произведува сцени со насилство, каде што глетките се: (најчесто) масовни, долготрајни, снимени со измена на тотал, на среднокрупен и на крупен (детален) план, со задржување врз фатални последици, а освен суровост при воени судири, вклучуваат и тортура врз деца и врз жени. Оттаму, а според насоките на Правилникот, соодветната класификација за серијалот „Величествениот" е - програма од трета категорија (12+), која може да се емитува само во периодот од 20 до 05 часот, со соодветен надзор од родител / старател.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, првите четири епизоди од играниот серијал „Величествениот", емитувани на 30 ноември, на 1, 2 и на 3 декември 2021 година, беа погрешно категоризирани и означени како програма од втора категорија (8+), и беа емитувани во несоодветен временски период од деноноќието, односно пред 20 часот.

**9. Предлог-мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***